# КОНКУРС

за учество на 37ма Колонија на Здружение на копаничари на Македонија

Здружението на копаничари на Македонија објавува конкурс за учество на студенти на 37ма колонија "Копаничарство". Колонијата е редовна годишна активност на ЗКМАК на која учествуваат истакнати мајстори – резбари од земјава и странство. Оваа година здружението дава можност за учество на колонијата и на студенти од Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер кои ќе имаат можност да ги прошират своите знаења во областа на копаничарството. Колонијата ќе се одржи од 09 до 14 септември 2024 година во манастирскиот комплекс Св. Петар и Павле во с. Смилево.

Право на учество имаат сите студенти кои го положиле предметот Резбарство на факултетот. Трошоците за престој и потребен материјал се обезбедени од ЗКМАК. Пријавување на заинтересираните кандидати е кај асс. м-р. Никола Михајловски на електронска пошта mihajlovski@fdtme.ukim.edu.mk најдоцна до 04 септември 2024 година. Бројот на учесници е ограничен.